**З А П И С Н И К**
**од Педесет и првата седница на Владата на Република Македонија,**
**одржана на 26.1.2018 година**

**Скопје, јануари 2018 година**

**З А П И С Н И К**
**од Педесет и првата седница седница на Владата на Република Македонија, одржана на 26.1.2018 година**

Седницата започна во 12:15 часот.

На седницата претседаваше заменикот на претседателот на Владата и министер за внатрешни работи, Оливер Спасовски.

На седницата присуствуваа заменикот на претседателот на Владата и министер за одбрана, м-р Радмила Шекеринска, заменикот на претседателот на Владата задожен за економски прашања и за координација со економските ресори, д-р Кочо Анѓушев и членовите на Владата Мила Царовска, министер за труд и социјална политика, м-р Роберт Алаѓозовски, министер за култура, Билен Саљији, министер за правда, д-р Венко Филипче, министер за здравство, Љупчо Николовски, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство, Сухејл Фазлиу, министер за локална самоуправа, м-р Горан Сугарески, министер за транспорт и врски, Садула Дураки, министер за животна средина и просторно планирање, Едмонд Адеми, министер без ресор, задолжен за дијаспора, д-р Аднан Ќахил, министер без ресор, задолжен за странски инвестиции, д-р Зоран Шапуриќ, министер без ресор задолжен за регулатива за подобрување на инвестиционата клима за домашните претпријатија и Зорица Апостолска министер без ресор, задолжен за странски инвестиции, како и генералниот секретар на Владата на Република Македонија, д-р Драги Рашковски.

На седницата присуствуваше и Лила Пејчиновска-Миладиновска, секретар на Секретаријатот за законодавство.

Покрај членовите на Владата на седницата присуствуваа и д-р Ширете Елези, заменик на министерот за финансии, Арбер Адеми, заменик на министерот за образование и наука и Александар Бајдевски, заменик на министерот за информатичко општество и администрација, како и Виктор Димовски, државен секретар во Министерството за надворешни работи.

На седницата присуствуваше и Пеце Мирчески, директор на Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Македонија.

Од седницата отсуствуваа Зоран Заев, претседател на Владата на Република Македонија, д-р Бујар Османи, заменик на претседателот на Владата задолжен за европски прашања, Хазби Лика, заменик на претседателот на Владата задолжен за спроведување на Рамковниот договор и политички систем и членовите на Владата д-р Драган Тевдовски, министер за финансии, м-р Никола Димитров, министер за надворешни работи, м-р Крешник Бектеши, министер за економија, д-р Рената Дескоска, министер за образование и наука, Дамјан Манчевски, министер за информатичко општество и администрација, Роберт Поповски, министер без ресор, задолжен за комуникации, отчетност и транспарентност и Аксел Ахмедовски, министер без ресор, задолжен за имплементација на Националната стратегија за подобрување на состојбата на Ромите во Република Македонија.

*

*        *

Врз основа на Предлогот на дневниот ред и предлозите што беа поднесени на седницата, Владата го утврди следниов

**ДНЕВЕН РЕД**

1. Барање на Викторија Лоба за прием во државјанство на Република Македонија, согласно член 11 од Законот за државјанството на Република Македонија

2. Кадровски прашања

3. Прашања и предлози

*

*        *

По одделните точки од Дневниот ред, Владата ги донесе следниве заклучоци:

**Точка 1**

Владата го разгледа Барањето на Викторија Лоба за прием во државјанство на Република Македонија, согласно член 11 од Законот за државјанството на Република Македонија и утврди позитивно мислење по Барањето, имајќи ги предвид мислењата на Министерството за култура и Управата за безбедност и контраразузнавање.

**Точка 2**

1. Владата ја именува Елизабета Јованчева за вршител на должноста директор на Државниот комунален инспекторат орган во состав на Министерството за транспорт и врски и истовремено и утврди коефициент за пресметување на плата.

2. Владата за членови на Управниот одбор претставници на основачот на Државниот студентски дом „Скопје“ во Скопје, ги именува:

- Марија Каевска,
- Дафинка Димитриевска и
- Игор Гошевски.

3. Владата на предлог на министерот за култура го именува Рамадан Рамадани, досегашен в.д. директор на Културно-информативниот центар на Република Македонија во Истанбул, Република Турција, за директор на Културно-информативниот центар на Република Македонија во Истанбул, Република Турција.

**<u>Точка 3</u>**

Владата заклучи на семејството Зулбеари, чија куќа ја зафати пожар, што се случи на 25.1.2018 година во населбата Поток во Тетово и во кој животот го изгубија мајката и нејзините 4 малолетни деца, да им додели еднократна парична помош во износ 300.000,00 денари.

Согласно ова се задолжува Министерството за финансии да подготви соодветен акт кој да се смета за донесен на оваа седница на Владата.

*

* *

На седницата се водени стенографски белешки.
Седницата заврши во 12.25 часот.

| | |
|---|---|
| **ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАР НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА** | **ЗАМЕНИК НА ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА** |
| **д-р Драги Рашковски** | **Оливер Спасовски** |